**Студија на случај на типично село во регионот "Скопје" општина Гази Баба (партиципативно рурално оценување) Село: Стајковци**

**Историски факти и белези**

Историјатот на село Стајковци е типично за селата во Скопско поле. Бројот на населението во селото континуирано расте, се воспоставува рурална инфраструктура, а особено е значајно што селото има таканаречен урбан живот. Селото има потенцијал за развој на земјоделството, односно во атарот некогаш и сега се произведува здрава и квалитетна храна за исхрана на луѓето но и добиточна храна. Особено е значајно производството на градинарски и поледелски култури кои се значајни за исхрана на луѓето и добитокот. Со подигнување на стандардите во земјоделското производство, се очекува проширување на постоечките капацитети и производство на поголеми количества на земјоделски производи, а тоа бара поттикнување и развој на малиот и средниот бизнис со изградба на преработувачки капацитети. Во образованието на најмалите се препорачува особено да се обрати внимание за едукација од областа на земјоделството и руралниот развој.

**Местоположба**

Ресурсите во село Стајковци се близината на обиколницата север која го поврзува автопатот Скопје-Велес и регионалниот пат кој го поврзува селото со градот Скопје. Стајковци е на северо источната страна од општина Гази Баба и се карактеризира со рамничарски рељеф.

**Заклучок:**

**1. Ситуациона анализа**[1]

***А) Состојба на селото***

Табела 1. Презентирање на состојбата во селото

| Добри страни | Лоши страни |
|---|---|
| Основно училиште | Запуштени одводни канали за вишокот на површинска вода |
| Црква | Слаб притисок на водата од водовод |
| Здружение на градинари | Лоши пристапни патишта до нивите |
| Близина до гасоводот и обиколница | Отсуство на тротоари |
| Пристап до обиколницата | Узурпација на улиците и патиштата од жителите |
| Високи подземни води што се користат за наводнување | Отсуство на паркинг за товарни возила |
| Релативно добри земјоделски површини | Нема матична служба |
| Умерено континентална микро-клима | Отсуство на културен дом, спортски игралишта и сали |
| Добра интернет конекција | Узурпирани земјоделски површини |
| Пластеници | Нема градинка |
| Близина до градот | Улица "6" нема сигнализација и по целата должина има паркирани патнички и товарни возила |

[1] Податоците се добиени со ПЛА методот во организирана работилница:
Дата: 28.10.2009
Период на акција: од 16:00 до 18:30
Учесници: 5
Мажи: 5
Жени: 0

| | |
|---|---|
| Добра поврзаност со патна инфраструктура | Нетампонирани патиштата за пристап до нивите |
| | Нема откупен центар за свежи производи |
| | Нередовно чистење на каналите |
| | Нема ладилници |
| | Нема капацитети за преработувачка индустрија |
| | Гасификација за оранжерии и домови |
| | Нема капацитети за рециклирање на растителен отпад |
| | Поплави при поројни дождови во горната населба |
| | Неасфалтирани 70% од улиците |
| | Уличното осветлување не работи |
| | Отпадот од пластениците ( пластични фолии ) не се рециклира |
| | Потреба од алтернативен пат |

Селото Стајковци е  задоволително урбано организирано, со веќе изградено основно училиште, црква и солидна патна инфраструктура. Како потенцијал, се лесниот и квалитетен пристап до интернет што укажува на интелектуалниот капацитет, познавање на информатичката технологија и познавањето на англиски јазик.  Она што е најбитно за стратегијата за рурален развој претставува близината на селото до главниот гасовод  и обиколницата која поминува околу северо - западната страна на Скопје. Пристапот и поврзаноста со оваа битна сообраќајница која го поврзува коридорот помеѓу Република Бугарија и Република Албанија е од исклучителна важност за развојот на земјоделството и преработувачката индустрија. Високите подземни води овозможуваат наводнување на земјоделското производство и добивање на високи приноси по единица површина. Квалитетот на земјоделското земјиште е од I и II класа и истото се обработува во целост. Климатските услови се сосема поволни за квалитетно производство на храна, како на отворено така и во оранжерии со што може да се постигне производство на квалитетни земјоделски производи во текот на цела година. Постоењето на пластеници укажува дека земјоделските производители од селото, одлично владеат со агротехниката во растителното производство на  широка палета земјоделски производи  од областа на градинарството и поледелството. Од аспект на стратешкото планирање за руралниот развој, близината на градот Скопје се смета за голема предност во однос на другите села. Сообраќајната инфраструктура во селото и пристапните сообраќајници се на завидно ниво но не се асфалтирани (околу 70%).

Како недостатоци во селото, се лошата состојба на пристапните патишта до обработливите земјоделски површини кои создаваат слаба хигиена и потешкотии во реализирањето на секојдневните обврски од областа на земјоделството. Тие во најкраток можен рок би било добро барем да бидат израмнети и тампонирани. Слабиот притисок на вода од водоводната мрежа, во иднина може да биде голем проблем за приближување на индивидуалните и преработувачките капацитети кон стандардите на европската унија. Отсуство на патека за пешаци, узурпација на јавните површини за паркирање на лесни и тешки товарни возила, узурпација на улиците со нелегалното проширување на дворовите или на друг начин претставува проблем кој може да предизвика недоволно користење на финансиските средства од пристапните фондови на

Европската унија. Особено кога се работи за желбата кај домашните и странските инвеститори да инвестираат во земјоделскиот сектор. Организирањето на населението во здруженија на граѓани како што е месната заедница, спортски клубови, културно-музички друштва е невозможна доколку истите немаат простории и игралишта за изведување на своите активности. Исто така нема ниту една градинка за згрижување на децата до 6 годишна возраст. Во селото, кое има поголем број на жители од останатите села во општината, нема матична служба што се смета за неоправдано. Истото би станало и традиција и за останатите населени места кои сеуште бројат поголем број на жители и младите би останувале во селото. Запуштени канали за одводнување кои не се чистат и по триесетина години, постоење на неколку депонии и неодговорност на населението кое фрла шут и отпад во главните и помошните канали, создаваат лоша слика за домашните и странските инвеститори да вложуваат во капитални инвестиции во село Стајковци. Како резултат на тоа има поплави при поројни дождови во еден дел на селото викано “Горна населба”. Тоа се случува поради отсуство на капацитети за рециклирање на растителен отпад и амортизирани фолии од пластениците, а ваков вид на отпад нема период на самораспаѓање. Обработливите земјоделски површини кои се во сопственост на Република Македонија се узурпирани и истите подолго време не се предмет на концесија. Во селото недостасуваат ладилници за сместување, ладење и пласман на градинарски култури во свежа состојба. Исто така за вишокот производи кои нема да се продадат во свежа состојба нема ниту еден преработувачки капацитет. Трошоците во семејното домување и земјоделското производство би биле далеку помали доколку би се извршила гасификација на домовите, објектите и оранжериите. Со така намалени инпути во цената на производот, истите во иднина би биле конкурентни на земјоделските производи од Европската унија, а економскиот ефект од зголеменото и современо производство ќе го подобрува стандардот на земјоделските стопанства. Постои потреба од алтернативен пат до центарот на град Скопје.

***Б) Креирање на опции***

| Сами | Заедно со надворешна помош | Само со надворешна помош |
|---|---|---|
| | Запуштени одводни канали за вишокот на површинска вода<br><br>Нема матична служба<br><br>Нема градинка<br><br>Нетампонирани патиштата за пристап до нивите<br><br>Нема откупен центар за свежи производи<br><br>Нема ладилници<br><br>Нема капацитети за преработувачка индустрија | Слаб притисок на водата<br><br>Лоши пристапни патишта до нивите<br><br>Отсуство на тротоари<br><br>Узурпација на улиците и патиштата од жителите<br><br>Отсуство на паркинг за товарни возила<br><br>Отсуство на културен дом, спортски игралишта и сали<br><br>Узурпирани земјоделски површини |

| | | |
|---|---|---|
| | Гасификација за оранжерии и домови<br><br>Нема капацитети за рециклирање на растителен отпад<br><br>Неасфалтирани 70% од улиците<br><br>Рециклирање на фолија од пластеници | Улица “6” нема сигнализација и по целата должина има паркирани патнички и товарни возила<br><br>Чистење на каналите<br><br>Поплави при поројни дождови во горната населба<br><br>Уличното осветлување не работи<br><br>Потреба од алтернативен пат |

Детерминираните проблеми ќе се решаваат, заедно во координација помеѓу населението и некој од надворешните субјекти било да се влада, локалната самоуправа, јавни претпријатија, трговски друштва или донации и само од страна на државните институции и донации. Не е детерминиран ниту еден проблем кој може самостојно да биде решен. Заедно, населението со други институции и донации би ги решиле проблемите со запуштените одводни канали за одведување  вишокот на површинска вода, немањето на матична служба, градинка, тампонирање на локалните патишта за полесен пристап до нивите, изградба на откупен центар за свежи производи, ладилници, нови капацитети за преработка на земјоделски производи, гасификација на оранжериите и сопствените домови, изградба на капацитети за рециклирање на растителниот отпад и негово користење за земјоделско производство на здрава храна без употреба на вештачки ѓубрива и хемиски препарати и капацитети за рециклирање на фолии од пластеници. Она што треба државните институции или донациите да го решат е слабиот притисок од постоечкиот водовод (општина), лошите пристапни патишта до нивите (општина), отсуството на пешачки патеки (општина), паркинг за товарни возила (општина), културен дом, спортски игралишта, сали (општина и агенција за млади и спорт), узурпирањето на улиците, патиштата (општина), земјоделски површини (општина), уредување на сигнализацијата на улицата бр. 6 (општина), чистење на каналите (општина), спречување на поплави при појава на поројни дождови во горната населба (општина и агенција за патишта), подобрена состојба со постоечкото или непостоечкото улично осветлување  (општина и ЕВН) и изградба на алтернативен пат (општина).

**Заклучок:** Од детерминираните потенцијали и проблеми во село Стајковци се гледа дека кај населението, веќе постои концепт за решавање на истите за кои не секогаш се потребни големи финансиски средства. Доколку би ги решиле проблемите кои предизвикуваат и еколошка опасност, со изградба на капацитети за рециклирање би се отворила можност за поголеми импути во земјоделството и преработувачките капацитети. Се создаваат услови за проширување на веќе постоечките капацитети и формирање на нови современи стакленици, пластеници и капацитети за преработка на земјоделски производи од растително потекло. Истите би имале можност да бидат поврзани со гасификациска мрежа, а загревањето на истите да биде со ефтина енергија. Инфраструктурата на истите бара уредени зони, квалитетен пристап и подобрена меѓусебна комуникација. Особено е

значајна близината на обиколницата која е директно спoеана со сообраќајните патишта со селото и можност за изградба на мали и среди капацитети за преработка на земјоделските производи и ладилници за откуп, ладење и чување на свежи земјоделски производи. Трошоците за истото се далеку пониски од оние рурални места кои немаат ваква можност. Трговијата во земјоделскиот сектор би можела во иднина да добие локација токму во село Стајковци како главен регионален откупен пункт за северниот дел на Република Македонија. Селото  Стајковци има статистички значаен потенцијал за интензивно стакленичко или пластеничко производство на градинарски култури со користење на систем капка по капка. Современата технологија ќе даде високо производство по единица површина, производство во текот на целата година и доволно суровина за малите и средните преработувачки капацитети кои ќе произведуваат конечен производ со врвен квалитет со заштитено потекло. Развојот на пчеларството и рибарството во мали рибници кои ќе користат вода со принцип на рециркулација (Израелски тип на одгледување) ќе биде главниот индикатор дека при производството на храна во останатите земјоделски гранки, не се користат штетни хемиски средства и вештачки ѓубрива или се користат во минимални количества. Тоа е особено значајно за земјоделските производи кои се конзумираат во свежа состојба. Ниедна светска лабораторија неможе да даде попрецизен резултат, од тоа кога во едно рурално место постои развиено пчеларство и рибарство како доказ за здрава животна средина со чиста почва, вода и воздух. Сето ова ќе овозможи дополнително вработување на младите од селото Стајковци, на поголем број како примарна земјоделска дејност, а за веќе вработените или пензионерите како дополнителна дејност согласно член 32 од Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/09).

## 2. Историјат[2]

| Година | Настан |
|---|---|
| Римски период | Поминувал патот Солун-Рим |
| Во турскиот период | Ан |
| 1800 | Формирано е селото (по некој си Стојко) |
| 1948 | Формиран е колектив, задруга |
| 1950 | Прв трактор во задругата |
| 1951 | Организиран е турнир (куп) |
| 1951 | Електрификација |
| 1952 | Растурен е колективот |
| 1958 | Изградено е школото до четврто одделение |
| 1965 | Асфалтиран е патот |
| 1970 | Купен прв трактор приватен |
| 1976 | Пуштен е телефон |
| 1977 | Официјално е формиран спортски фудбалски клуб |

[2] Податоците се добиени со ПЛА методот во организирана работилница:
Дата: 28.10.2009
Период на акција: од 16:00 до 18:30
Учесници: 5
Мажи: 5
Жени: 0

| | |
|---|---|
| 1985 | Пуштена е осмолетката |

Историјатот на село Стајковци се состои од податоци кои поттекнуваат уште од времето на Римското царство кога бил изграден патот кој го поврзувал Рим со Солун. Во времето на Турското царство во селото бил изграден турски ан во кој уживале турските бегови. Во 1800 година во IX век е формирано селото, а името му е дадено по некој тогашен жител со име Стојко. Во XX век се случиле доста позитивни промени кои во понатамошниот период се надополнуваат, усовршуваат и чуваат како традиција на селото. Тоа е формирањето на првата земјоделска задруга – колектив во 1948 година, во 1950 година во сопственот на истата е донесен првиот трактор, а во 1952 година оваа задруга како таква е затворена. Првите спортски игри и електрификација на селото е направена во 1951 година, а првиот регистриран спортски клуб е во 1977 година. Образованието е отпочнато со изградбата на првото основно училиште до четврто одделение (оделенска настава) во 1958, а во 1985 година до осмо одделение (оделенска и предметна настава). Патот кој го поврзува село Стајковци со Скопје е асфалтиран 1965 година, а веќе во 1970 година е купен првиот трактор во приватна сопственост. Со воведување на телефонска мрежа во 1976 година се смета дека е можен стратешки развој на селото во обласна на земјоделството, економијата и инфраструктурата.

### 3) Рангирање врз основа на приходи на селско домаќинство[3]

#### *А) Начини за стекнување на финансиски приходи во село Стајковци*

- Земјоделство 10%
- Само од плата од работа на друго место 80%
- Земјоделство и плата од работа на друго место 10%

Податоците покажуваат дека населението кое живее во село Стајковци имаат висока стапка на вработеност. Невработеноста е незначителна што претставува предност во однос на другите рурални места што ја исклучува можноста дека потенцијалната сиромаштија може да предизвика проблеми во реализацијата на стратегијата за рурален и економски развој на општина Гази Баба. Во моментов бројот на луѓе кои заработуваат на друго место е исклучително висок со 80%, што претставува добра можност на истите да им се понуди и земјоделството како дополнителна дејност, а доколку финансиските ефекти бидат значително подобри од таа дејност која дотогаш ја имале, за очекување е истите во иднина да развијат сопствен бизнис кој на селото ќе му даде нов економски импут. Не е за потценување и моменталната состојба на земјоделскиот сектор во селото кој е околу 10% и 10% земјоделство и работа на друго место. Со стратегијата за рурален развој и стратешките планови за развој на земјоделството во наредниот период се очекува зголемување на финансискиот ефект од производството на храна и други видови неземјоделски дејности (занаетчиство). Во наредните 4 години секторот земјоделство би требало да учествува со 30%[4], а истото е поврзано со користење на

[3] Податоците се добиени со ПЛА методот во организирана работилница:
Дата: 28.10.2009
Период на акција: од 16:00 до 18:30
Учесници: 5
Мажи: 5
Жени: 0
4 Согласно Националната програма за финансирање на земјоделието.

финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој, петта компонента од ИПА за рурален развој (ИПАРД)[5].

**Заклучок:** Финансиската стабилност на населението, со тоа што најголем број на работноспособно население е вработено, овозможува полесен приод кон развојот на земјоделството како главна и дополнителна дејност. Со квалитетни бизнис планови и организирање на работни состаноци во областа на земјоделството, треба да се поттикне интересот за производство не само за сопствени потреби туку и за продажба. Со осовременување на моменталните производни капацитети, изградба на нови, отварање на откупен пункт и откуп на квалитетни земјоделски производи во преработувачки капацитети ќе се подобри економијата на селото и микро регионот кој ги поврзува општините Гази Баба, Бутел и Арачиново. Сето ова не е можно доколку се настапува индивидуално, со мало количество на производи. Потребно е здружување во земјоделски здруженија кои ќе се грижат за производството и пласманот на земјоделските производи.

***Б) Процентуална застапеност на земјоделски и неземјоделски дејности во селото***

| Земјоделски дејности | Износ (%) |
|---|---|
| Градинарски | 85 |
| Житарици  (печеница и јачмен) | 12 |
| Говедарство | 3 |

| Неземјоделски дејности | Износ (%) |
|---|---|
| Јавни институции | 40 |
| Сопствени бизниси | 50 |
| Приватни бизниси | 10 |

Во село Стајковци како примарна земјоделска дејност е поледелското производство, кое е поделено на производство на градинарски култури 85% и житни култури 12%. Сточарството е застапено со говедарството 3% и тоа одгледување на раси говеда за производство на млеко. Лозарството, овоштарството и цвеќарството се сретнува во трагови и не е статистички значајно за атарот на селото. Од неземјоделски дејности одреден број на жители на селото работат како државни службеници или во јавна администрација што покажува дека селото веќе има образовано население по одредени области, а кое би можело да се повика на дополнителна едукација за да ги искористи природните потенцијали и да остварува приходи од дополнителна дејност во областа на земјоделските и некој други неземјоделски дејности. Во јавни институции работат 40%, со сопствени бизниси 50% и вработени во приватниот сектор се 10%.

**Заклучок:** Бројот на сопствени бизниси, кои во моментов е 50% како регистрирани компании, во најскоро време може да биде зголемен неколку пати, а тоа може да го реши проблемот со ионака ниската стапка на невработеност, но и да понуди подобри услови на веќе вработените.

***В) Пензиите како финансиски приход***

1. Пензии стекнати со земјоделска дејност – 5%

---

[5] Службен весник на Република Македонија бр.83 од 03.07.2009 година

2. Пензии стекнати со неземјоделска дејност – 95%

Поголем број на жители се оние кои користат пензија стекната со неземјоделска дејност 95%, од оние ко користат пензија стекната со земјоделска дејност 5%.

**Заклучок:** Поради нерешениот статус на имотите во село Стајковци, повеќето пензионери се со стекнати пензии со неземјоделска дејност. Тоа е и поради можноста за вработување во Скопје, што претставува и дополнителна предност за рурален развој на селото, но со решавање на статусот на земјоделското земјиште (имотни листови) или земјоделското земјиште во сопственост на Република Македонија, преку концесија да биде распределено на регистрираните земјоделски производители.[6]

## 4) Сезонски календар[7]

Градинарство (пиперка, компир, морков, карфиол, брокула, марула, домати, патлиџан)[8]

| | Месеци | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| **Пиперка** | | | | | | | | | | | | |
| расходи | | | | | | | | | | | | |
| приходи | | | | | | | | | | | | |
| ангажман | | | | | | | | | | | | |
| **Компир** | | | | | | | | | | | | |
| расходи | | | | | | | | | | | | |
| приходи | | | | | | | | | | | | |
| ангажман | | | | | | | | | | | | |
| **Морков** | | | | | | | | | | | | |
| расходи | | | | | | | | | | | | |
| приходи | | | | | | | | | | | | |
| ангажман | | | | | | | | | | | | |
| **Карфиол** | | | | | | | | | | | | |
| расходи | | | | | | | | | | | | |
| приходи | | | | | | | | | | | | |
| ангажман | | | | | | | | | | | | |
| **Брокула** | | | | | | | | | | | | |
| расходи | | | | | | | | | | | | |
| приходи | | | | | | | | | | | | |
| ангажман | | | | | | | | | | | | |
| **Марула** | | | | | | | | | | | | |
| расходи | | | | | | | | | | | | |

[6] Закон за земјоделско земјиште (Службен весник на Република Македонија бр. 135 од 08.11.2007 година)

[7] Податоците се добиени со ПЛА методот во организирана работилница:
Дата: 28.10.2009
Период на акција: од 16:00 до 18:30
Учесници: 5
Мажи: 5
Жени: 0

[8] Поради интензивното земјоделско производство нема јасен сезонски карактер, односно градинарските култури можат да се обработуваат во било кој период од годината.

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| приходи | | | | | | | | | | | | |
| ангажман | | | | | | | | | | | | |
| **Домати** | | | | | | | | | | | | |
| расходи | | | | | | | | | | | | |
| приходи | | | | | | | | | | | | |
| ангажман | | | | | | | | | | | | |
| **Модар патлиџан** | | | | | | | | | | | | |
| расходи | | | | | | | | | | | | |
| приходи | | | | | | | | | | | | |
| ангажман | | | | | | | | | | | | |
| **Пченица 60%, јачмен 20% и пченка и останато 20%** | | | | | | | | | | | | |
| расходи | | | | | | | | | | | | |
| приходи | | | | | | | | | | | | |
| ангажман | | | | | | | | | | | | |

Земјоделското производство во село Стајковци е претежно насочено кон градинарството и поледелството. Другите земјоделски гранки се малку застапени. Она што населението најчесто го произведуваат е пиперка, компир, морков, карфиол, брокула, марула, домати и модар патлиџан. Тоа се многу значајни култури во исхраната на луѓето и истите со долгогодишно искуство успешно се произведуваат во атарот на селото. Зафатеноста на земјоделските производители за производство на пиперка, домати и модар патлиџан е од април до јули, за компир март, па мај и јуни, за морков во мај, карфиол и брокула во јули, марула во октомври и ноември е од април до септември. Од декември до февруари земјоделските производители воопшто немаат ангажман. Според анализата на расходите и приходите во градинарското производство се детерминираат три ризични месеци (март, април, август, септември и декември), кога производителите воопшто не остваруваат приходи. Одреден број на жители на село Јурумлери се занимаваат со поледелско производство и тоа пченица 60%, јачмен 20%, пченка и останато 20%. Ангажманот на овие производители е во периодот јуни, јули и октомври. Расходите се во октомври, за сеидбата на житни култури. Приходите се во јуни и јули за житните култури. Пченката најчесто се користи за исхрана на добитокот, најчесто за сопствени потеби.

**Заклучок:** Село Стајковци претставува потенцијал за земјоделско производство од кое би се добивале квалитетни и здрави градинарски и поледелски производи. Производителите се со долгогодишно искуство и на истите им се потребни проекти од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за изградба на стакленици и пластеници кои по можност би се загревале со користење на земјен гас од блискиот гасовод, но и со алтернативна соларна енергија. Производството на пченица, јачмен и други фуражни култури би овозможило и поинтензивно сточарско производство во современи објекти. Пласманот не би требало да биде поголем проблем поради одличната инфраструктура, обиколница и близината на Скопје. Здружувањето на земјоделските производители би овозможило масовно производство, подобра контрола и организираност, намалени производствени трошоци и на крај поголеми инпути кај самите производители. Производството на ваков вид на производи може да обезбеди т.н. органско производство со добивање на карактеристично географско потекло на производите “произведено во Стајковци”.

### 5) Мапа на ресурсите [9]




Ресурсите во село Стајковци се близината на обиколницата север која го поврзува автопатот Скопје-Велес и регионалниот пат кој го поврзува селото со градот Скопје. Стајковци е на северо источната страна од општина Гази Баба и се карактеризира со рамничарски рељеф. Гледано од населбата Методија Андонов Ченто кон село Црешево поминува регионален пат Гоце Делчев кој го поврзува село Стајковци со село Црешево со надвозник преку обиколницата север. Од левата страна на регионалниот пат се наоѓаа претежно обработливи површини со пластеници, а атарот завршува со Стајковска бара. Од десната страна се наоѓа урбаниот дел на селото со основно училиште, амбуланта, трговски маркети и неколку земјоделски аптеки. До самото село како крајна дестинација сообраќа автобуска линија од Јавното сообраќајно претпријатије на град Скопје. На крајот од урбаниот дел продолжува земјоделско земјиште на кое се лоцирани пластеници во кои се произведуваа градинарски култури, а најмногу пиперката. Целото село е заокружено со земјоделско земјиште на кое се одгледуваат скоро сите градинарски култури и нешто помалку поледелски култури. Сточарството е запоставено, но постои можност за негов развој во согласност со стандардите на Европската Унија. Полињата-ораници се карактеризираат со пластеничко производство на квалитетни градинарски култури кои во иднина само можат да се подобруваат и осовременуваат. Во самото село, отворените неколку земјоделски аптеки, укажуваат на заинтересираноста на жителите од село Стајковци и околните села (Црешево, Синѓелиќ, Камник, Страчинци и Брњарци) да се занимаваат со земјоделско производство. Земјоделските производители од село Стајковци имаат формирано земјоделско здружение “Каварџик”, кое ги застапува правата на производителите-членовите.

---

[9] Податоците се добиени со ПЛА методот во организирана работилница:
Дата: 28.10.2009
Период на акција: од 16:00 до 18:30
Учесници: 5
Мажи: 5
Жени: 0

**Заклучок:** Селото Стајковци има постоечка инфраструктура која треба да се оддржува и подобрува. Од аспект на земјоделството постои голем потенцијал за градинарско производство со можност за развој и на преработувачките капацитети. Битен и можеби најважен дел е интелектуалниот потенцијал кој постои во селото, а тоа се гледа со тоа што производителите веќе користат нови технологии на одгледување зеленчук со користење на системите за наводнување капка по капка. Земјоделските производители здружено настапуваат пред институциите и пред потенцијалните партнери (откуп и преработувачки капацитети. Постои можност за формирање на индустриска зона за т.н. лесна индустрија за преработка на производите во конзервирана состојба. Истата би била лоцирана во делот на обиколницата север која ќе овозможи подобра комуникација во насока исток-запад. Особено е значајно што селото има потенцијал за организирање на откуп на земјоделски производи поради место положбата-рамница и можност за транспорт на истите. Со воведување на систем на загревање со ефтина енергија како што е гасот би можело да се иницира подигнување на нови стакленици и пластеници. Веќе селото има кадровски потенцијал за градинарско и друг вид производство во оранжерии. Со организирање на населението би можело да се развива органскиот приод на производство на здрава храна, угостителство и друг вид на неземјоделски дејности (занаетчиство и обработка на техничка дрвна маса). Со развојот на индивидуални сточарски фарми кои нема да влијаат на загадувањето на околината би се овозможило квалитено растително производство со користење на арското ѓубре од фармите, а исто така би можеле да се развијат помали капацитети за преработка на млечни и месни производи. Стајковската бара овозможува и рибарството, а со користење на подземна вода и итензивно одгледување на сите топловодни видови риби (крап, толстолобик, амур, лињак и сом) во мали семејни рибници. Она што најмногу загрижува, е што обработливото земјиште се работи под наем, поради што финансиската поддршка за земјоделството не оди во рацете на оние кои го обработуваат земјиштето туку кај оние што го владеат земјоделското земјиште. Од друга страна оние што го владеат земјиштето, а го даваат под наем или директно го обработуваат не ги користат субвенциите од програмата за финансиска поддршка на земјоделството и програмата за финансиска поддршка на руралниот развој поради недоволна информираност за начинот и постапката за реализација на истите. Потребно е целосно завршување на трансформација на земјоделското земјиште во сопственост на Република Македонија да биде дадено на користење на земјоделците по пат на концесија. Поради трендот за развој на производство на здрава храна и т.н. одржлив развој се препорачува интегриран развој на пчеларството во сите земјоделски активности. Формирање на пчеларници насекаде каде што е тоа можно ќе биде главен индикатор дека во земјоделството се применуваат агротехники кои гарантираат потполна заштита на околината и земјоделските производи кои се наменети за човечка или добиточна исхрана.

**6) Интервју[10]**

Со спроведување на анкета на унифициран прашалник, беа анкетирани 5 мажи и ниедна жена. Една особа на возраст од 25-34 години, а четири од 55-64 години. Тројца од нив беа невработени, еден самовработен и еден вработен кај работодавец. Тројца се изјасниле дека работат во секторот земјоделство, шумарство и водостопанство, еден во јавни сервиси и одбрана и еден воопшто не се изјаснил. Четворица се со средно образование, а еден е со високо образование. Повеќето го гледаат селото како збиена населба, во кое тројца живеат цел живот, а двајца континуирано до денот на анкетирање од 46-61 години. Сите немаат намера да го напуштаат селото. Кога би им се создала можност да бираат истите избраа да живеат на село и да работат земјоделство. Бројот на членовите во нивните семејствата просечно се движи околу 5 членови, што претставува оптимален број за едно семејство.

Во делот за фарми и фармерскиот бизнис, репрезентативниот примерок се изјасни дека поседуваат отприлика од 0,15-2 хектари како сопствено обработливо земјиште. Под наем се користат земјоделски површини со големина до 1,3 хектари за градинарско производство на отворено. Четворица се изјаснија дека земјиштето што го обработуваат е од село Стајковци, а само еден се изјасни дека еден дел од обработливото земјиште е во селото, а вториот дел од земјоделското земјиште во атарот на друго село. Од видови на домашни животни најчесто се одгледуваат само по неколку броја за сопствени потреби и тоа свињи, кози и кокошки, а од растително производство најмногу градинарски култури на отворено и под пластеници, житни култури (пченица, јачмен и пченка). Останатите земјоделски сектори или се сретнуваат во трагови или воопшто ги нема. Од старите, автохтони видови домашни животни и растенија се одгледува домашна коза, а од поквалитетните раси домашни животни (Санска коза и Алпина). Земјоделските производи ги користат за задоволување на сопствените потреби, а вишокот го продаваат на пазарот на големо или до трговските капацитети во Скопје. Кај помал дел од населението годишните примања доаѓаат целосно и повеќе од половина од земјоделство, а поголемиот број имаат примања надвор од земјоделството. Бројот на членови кои работат на фармите се движи од 2-4. При зголемен обем на работа се најмува сезонска работна сила. Постои меѓусебна соработка, како помеѓу роднини, така и помеѓу самите соседи, но таа релација треба во иднина да се подобрува преку моделот на здружување на земјоделските производители од исти или сродни области во земјоделството. Како главни потешкотии кои се појавуваат кај земјоделското производство се недостигот на доволно финансиски средства, пласманот, ниските откупни цени на земјоделските производи, стара земјоделска механизација, лош квалитет на семенскио материјал и вештачки ѓубрива. Во село Стајковци нема ниту еден преработувачки капацитет за земјоделски производи што дополнително го усложнува проблемот со пласманот, а со тоа и поинтензивното развивање на земјоделството. Спротивно на овие проблеми ресурсите се повеќе од идеални, а тоа се квалитетно обработливо земјоделско земјиште, које е најчесто од I и II класа и сеуште незагадена околина.

[10] Податоците се добиени со ПЛА методот во организирана работилница:
Дата: 26.10.2009
Период на акција: од 16:00 до 18:30
Учесници: 5
Мажи: 5
Жени: 0

Селото Стајковци ја слави селската слава Свети Кирил и Методија (24 мај) која може да прерасне во обичај, настан или посебен ден кое ќе го обележи селото на светската карта. Тоа е причина која би можела да го развие селскиот туризам, занаетчиството и културното наследство на селото. Од неземјоделските дејности како занаети опстојуваат фризери, стаклари, угостители, столари, бербери, механичари, авто лимари, лимари, молери и зидари. Во наредните пет години насоката за руралниот развој, се гледа во развој на приватниот бизнис, развиено поледелство, развиено сточарство, производство на здрава органска храна, развој на културни настани и развој на традиционално производство. Потенцијалите за развој на селото е во тоа што има земјоделски површини, делумно развиено поледелство и градинарство со производство на здрава храна, здруженија, млада работна сила, едуцирани кадри, мали и средни претпријатија, културни настани и друштва и образовни институции. За земјоделскиот сектор многу важен момент е постоење на социо-економски ресурси како што е амбуланта, училиште, занаети, спортски објекти и верски објекти. Село Стајковци  е познато по производство на квалитетни сорти пиперка, а најпозната меѓу нив е сортата “ Каварџик”, која е бренд на селото. Најголемите потенцијали и можности за развој на селото се изградба на откупни пунктови, преработувачки капацитети за земјоделски производи, капацитети за калибрирање и пакување на зеленчукот како посебни единици, развој на градинарството во затворени системи на одгледување, млада работна сила и здружување на производството. Најголемите пречки за развој на селото се недостаток на поволни кредити, несигурен пазар на земјоделски производи, скап семенски материјал, несоодветен семенски материјал, семенски материјал без декларација, неефикасни средства за заштита на растенијата, непостоење на агро берза, недоволна заинтересираност на младите луѓе да се занимаваат со земјоделство, недостаток на образувани кадри во донесувањто на одлуки во месната заедница, отсуство на одводна канализација, систем за наводнување и стара земјоделска механизација.  За да се подобри развојот на село Стајковци, потребени се стручни совети, поволни кредити, довршување на веќе започната одводна канализациа, проширување на главната улица која ја поврзува обиколницата север со општина Гази Баба, изградба на инфраструктура, повеќе спортски игралишта, културен дом, откупен центар, матична служба и планско земјоделско производство со организиран откуп на земјоделските производи. Како приоритетни работи кои треба да ги организира општина Гази Баба за да се подобри развојот на село Стајковци се  отварање на откупен центар, преработувачки капацитети за земјоделски производи, формирање на здруженија кои ќе се грижат од снабдувањето на квалитетен семенски материјал до пласманот на земјоделските производи, изградба на инфраструктура, фекална канализација, градинка, пошта, силна месна заедница со матична служба, културни манифестации  “Промоција на пиперката Кавარџик”, системи за наводнување и поволни кредити. Во последните десет години има квалитативно и квантитаивно проширување на бизнисите во селото, цвеќарство (производство на гладиоли), производство на брокула, целер, дајкон, морков, пашканат, цвекло и помал ладилник за чување на зеленчук во свежа состоба. Во наредниот период постои желба за инвестирање во земјоделството најмногу поради веќе постоечкото знаење и искуство во производството на градинарски и поледелски култури, но како најголем проблем се потенцира недостаток на финансиски средства и производствени објекти. Во недостаток на сопствени ресурси потребно е на заинтересираните да им се обезбеди полесен пристап до поволни кредити, преку политиките на кредитирање во земјоделскиот сектор (земјоделски дисконтен кредитен фонд), доделување на државно земјоделско земјиште под концесија до 10 ха по барател и проекти кои што по пат на ко-финансирање ќе обезбедат импут на квалитена земјоделска механизација и

опрема во преработувачките капацитети. Долгорочноста на кредитното побарување може да биде и со негативни ефекти кон кредитокорисниците што доведува на зголемување на каматите во однос на главницата која се отплатува. Кај таков тип на кредити ратите се пониски, но крајниот износ кој треба да биде исплатен може да го надмине побарувањето за неколку пати. Кредитните услови (рок на отплата , грејс период, обезбедување) ги утврдува секоја финансиска институција индивидуално согласно сопствената кредитна политика и во зависност од видот и намената на инвестицијата, износот на кредитот, условите на производство и друго. Рокот на отплата и грејс период кои се применуваат кај кредитите од земјоделскиот дисконтен кредитен фонд - ЗКДФ е:

- за инвестициони кредити (основни средства) до 7 години со грејс период до 3 години, со исклучок и подолго;
- за обртни средства до 3 години со 1 година грејс период, со исклучок и подолго.

Од аспект на обезбедувањето, најзастапен тип на обезбедување во кредитното портфолио на земјоделскиот дисконтен кредитен фонд се жирантите (65%) , потоа следуваат хипотека на недвижен имот во град (13%), хипотека на недвижен имот во село (6%), хипотека на земјоделско земјиште (7%), рачен залог (4%), залог на депозит (4%), гарантен фонд (0,6%) и друго. Битно е да се напомене дека скоро сите вклучени финансиски институции значително ги релаксираат полтиките за обезбедувањето, односно се повеќе го анализираат самиот бизнис-предмет на кредитирање. Оваа политика, покрај другите фактори, е резултат, на високата стапка на отплата на ЗКДФ кредитите кај ФИУ, која кумулативно за целото портфолио со состојба на 31.03.2009 година изнесува 95%, што придонесува финансиските институции да не го третираат кредитирањето во земјоделството како високо ризично. Земјоделскиот дисконтен кредитен фонд најчесто овозможува кредити со една година грејс период и пет години рок на отплата со 4% за примарното земјоделско производство, 5% за преработка на земјоделски производи и извоз на примарни земјоделски производи за кредити пласирани преку вклучените деловни банки и 6% за примарното земјоделско производство, 6,5% за преработка на земјоделски производи и извоз на примарни земјоделски производи за кредити пласирани преку вклучените штедилници. Едуцираноста и знаењето во областа на земјоделството го прошируваат со посета на семинари, предавања и од други веќе искусни земјоделски производители. Најчесто, помош за надоградба на знаењето се бара од Агенцијата за унапредување на земјоделството, центрите за поддршка на руралниот развој, локалните власти, некои владини проекти, медиумите, здруженијата, пријатели или колеги кои веќе имале позитивно искуство за одредена област во земјоделските или неземјоделските дејности. Советниците од општината не поминуваат време за да ги разберат проблемите на населението во село Стајковци, па заради тоа неможат да ги идентификуваат потенцијалните решенија за состојбите во селото. Кај советниците не постои ниту желба да дадат совети за идентификуваните проблеми, како истите би биле отстранети. Иднината во која најмногу се гледа селото е развој на земјоделското производство, европските интеграции и системска промена на односот кон руралните места од страна на државната управа. Помошта која државата досега ја дава на земјоделските производители, населението на село Стајковци не ја користеле или ја користеле во минимален износ (еден проект за систем капка по капка). Во село Стајковци постои здружение од областа на земјоделството со име “Каварџик”, кое ги запознава, едуцира и технички им

помага на заинтересираните земјоделци за одгледување на градинарски култури, особено пиперката.

Она на што се гордеат во селото е близината на град Скопје, здружението на градинари, национален идентитет, квалитетна почва, едуцирани земјоделци и обиколницата север. Недостатоци во селото се недостаток на фекална канализација, ископани улици, тесни улици, нема патека за пешаци, нема откупен центар, узурпирани патишта со тешки возила и лоши одводни канали. Сето ова е потребно за интензивен рурален развој. За да се направи селото добро место за живеење, со повисока заработувачка како многу важни фактори се сметаат здравството, грижа за децата, образованието, јавен превоз, информатичка технологија - интернет, бизнисот, квалитет на живеење и здрава животна средина. Наведените фактори во последните неколку години, а особено во периодот откако е донесена Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2007-2013[11], не се подобрени, а со донесување на стратегијата за рурален развој на општина Гази Баба се очекува значително подобрување на истите. За внатрешните и надворешните инвеститори, како препорака е близината до главниот град на Република Македонија, градот Скопје, квалитетното земјоделско земјиште, чисти подземни води и незагадена средина. Како прво што би било добро да се промени или направи во селото, се подобрување на капацитетите за снабдување на електрична струја, изградба на патна инфраструктура, градинка, либерализација на бизнисот во земјоделскиот сектор, рурална диверзификација, откупен пункт, канализација, отварање на мали и средни претпријатија од областа на земјоделството. Селаните досега не учествувале во развојните проекти на село Стајковци, но имаат сопствени искуства, каде се произведуваат дури три реколти земјоделски производи од едни исти површини во текот на една година. Состојбата на руралната инфраструктура не ги задоволува стандардите на Европската унија, а објектите се со просечна старост од 30 години. Истите се наменети за семејно домување, складирање и пакување на земјоделски производи. Пречки во развојот на бизнисите во селото и диверзификација на бизнисите, се тешкотии во добивање на дозвола за планирање, недостаток на капитал или тековни проблеми со пари, недостапни соодветни објекти, недостаток на грант или финансиска поддршка,тешкотии при вработување на правите луѓе за работа, недостаток од експертизи или обука, слабо познавање на можности за маркетинг и тешкотии при добивање на соодветни совети и информации. Ограничувачките фактори за рурален развој на селото е недостаток на капитал, недоволно земјиште во близина на куќата, недостаток на грантови и финансиска поддршка, рестрикција на договорите за користење на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија, тешкотии при добивање на соодветни совети и информации, постоење на вандализам и недоволна сигурност, несоодветно лоцирани фарми на заедничкиот европски пазар (неконкуреентно производство), недостаток на објекти за фарма, слаб маркетинг, недостаток на расположиво земјоделско земјиште (работа под наем), ситни парцели за поинтензивно земјоделско производство, тешкотии при вработување на правите луѓе за работа и недостаток од обуки и стручни експертизи. Постои заинтересираност за соработка во земјоделското производство, додека во маркетинг и откуп на земјоделски производи имаме делумна заинтересираност. Во поледелското и градинарското производство за наредните пет години се очекува да се намали користењето на заштитни средства (инсектициди, хербициди, фунгициди и фертилизатори) за 10 - 20%. Оние кои би се заинтересирале за целосна конверзија, треба да го намалат користењето на овие средства од 50-100%, а сето тоа со континуирано

[11] NPAA 3.11. Земјоделство и рурален развој

следење на препаратите од страна на фитопатолог. Во сточарството во наредните пет години се очекува развој на свињарството од 30-50%, живинарството 50%, кози и говеда 20%, а намалување на овците за 10%. По направени истражувања би можело да се очекува развој на уште некој вид добиток кој не би ја нарушувал стратегијата за рурален развој, како што е пчеларството и рибарството (интензивно), кои всушност се и главниот индикатор за постоење на органско земјоделско производство. Во рангирањето на најважните фактори за идното планирање на стратегијата за рурален развој на селото со највисок приоритет се економскиот фактор, приватните бизниси во областа на земјоделството, градење на преработувачки капацитети и поврзаност со регионот на микро и макро план.

**Заклучок:** Главен проблем е недостаток на сопствено земјоделско земјиште, што е главен услов за користење на финансиската поддршка по двете програми. Поради земјоделското земјиште кое се користи со наемнина, корисниците неможат да аплицираат за субвенции или инвестиции во опрема и земјоделска механизација, бидејќи сопствениците на имотните листови се тие кои аплицираат и ја користат финансиската поддршка. Тоа е целосно неоправдано и не води кон развој на земјоделството. Од тие причини вистинските земјоделски производители не се регистрираат како индивидуални земјоделци, бидејќи не се сигурни дека наредната година сопствениците ќе им ја дадат земјата повторно во наем. На тие производители не им се остава простор за сигурно и развојно инвестирање во систем капка по капка, мрежи, пластеници, стакленици, земјоделска механизација и друго. Моменталните ресурси се добра основа за користење на финансиската поддршка на руралниот развој од петата компонента на програмата за целосна интеграција во европската унија (ИПАРД)[12], доколку се даде земјоделското земјиште на регистрираните земјоделски производители, а на оние кои својата земја ја даваат под наем бидат уредно евидентирани и контролирани од страна на управата за јавни приходи и министерството за земјоделство шумарство и водостопанство (Државен земјоделски инспекторат на Република Македонија). Исклучително е значајно да се сочува традицијата на познатиот бренд на село Стајковци, пиперката “Каварџик”. Да се искористат потенцијалите кои ги овозможува обиколницата север, изградба на ладилници и откупен центар. Одлични предуслови за изградба на стакленици со користење на ефтина енергија (гас) и соларна енергија. Можно е цело поле во атарот на село Стајковци да се насочи кон интензивно градинарско и цвеќарско производство во т.н. Greenhouse. Во сточарството се препорачува развој на свињарството и живинарството во современи фарми, каде би се работело согласно стандардите на Европската унија. Како индикатор за производство на здрава храна потребно е развој на пчеларството и рибарството во мали семејно рибници со користење на квалитетна подземна вода и современа опрема за интензивен тов на топловодни видови риби.

---

[12] Регулатива (ЕЗ) бр. 1085/2006 на советот од 17 јули 2006 година за воспоставување на Инструментот за претпристапна помош (ИПА)

**7) Предлог Акционен план**

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|
| **Мерки/Проекти** | 1. Инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделски стопанства и инвестиции за рурална инфраструктура[13]<br>2. Инвестиции на земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија[14] | 1. Инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделски стопанства и инвестиции за рурална инфраструктура<br>2. Инвестиции на земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија | 1. Инвестиции за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи и финансиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам<br>2. Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија | 1. Инвестиции за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи и финансиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам<br>2. Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија |

[13] Програма за финансиска поддршка на руралниот развој (согласно член 31 од Законот за извршување на Буџет на Република Македонија за 2009 Службен весник на Р.М. бр. 166/08)

[14] Програма за користење на средствата од инструментот за претпристапна помош за рурален развој на европската унија (ИПАРД) за период 2007-2013 (согласно член 36 став 5 од Закон за Владата на Р.М. Службен весник на Р.М бр. 59/00, а во врска со член 3 од Рамковната Спогодба меѓу Република Македонија и Европската комисија за ИПА (службен весник на Р.М. бр.18/08) и член 3 од Спогодба меѓу Владата на Р.М.. и Комисијата на Европските Заедници за V компонента ИПАРД (Службен весник на Р.М. бр. 165/08)